РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-920/1
24-02-2026 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на членот 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), членот 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 28- та седница, на ден 17.02.2026 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата заведена под број 12-3021/1 од 17.11.2025 година, со наводи за сомневање за злоупотреба на службената положба и сторени коруптивни дејствија од страна на судии и извршител при постапување во долгогодишен судски спор, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај, а за предметните наводи и пријавените дејствија во тек се постапки пред други надлежни органи.

Предметот со број 12-3021/1 од 17.11.2025 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 17.11.2025 година, поднесена е пријава, по која е оформен предмет број 12-3021/1 од 17.11.2025 година.
Во доставената пријава изнесени се наводи за сомневање за злоупотреба на службената положба и сторени коруптивни дејствија од страна на судии и извршител во долгогодишен судски спор воден против донесен заклучок за утврдување на вредност на недвижност И бр. ---/-------- од 22.07.2025 и заклучок за усна јавна продажба број И бр. --/-------од 22.07.2025 на извршител ---------- -------------------- врз основа на извршна исправа Р. БР -------/--- од 18.11.1996 на Основен

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

суд ------------- заради поднесено барање за спроведување на извршување од доверителот Комерцијална Банка АД Скопје.
Кон пријавата се доставени и две судски решенија и тоа: Првото решение е со број ППНИ- --/-- од 07.08.2025 година, донесено од Основниот суд -------------- со кое се одбива поднесениот приговор поднесен од заложниот должник ------------- -------- ------------ преку полномошник адвокат ---------- ------------- во однос на донесениот заклучок за утврдување на вредност на недвижност број И бр. --/------ од 22.07.2025 на извршител ---------- ------------ заради поднесено барање за спроведување на извршување од доверителот Комерцијална Банка АД Скопје. Второто решение е со број -- - ------/-- ОД 27.08.2025 година, донесено од Апелациониот суд -------- со кое поднесената жалба на заложникот изјавена преку полномошник е одбиена со што донесеното Решение на Основниот суд ------------ со број ППНИ- --/--- од 07.08.2025 година се потврдува.

Подносителот е незадоволен од постапувањето на судиите кој учествувале во наведениот судски предмет, па од ДКСК се бара да го преиспита случајот согласно со нејзините законски надлежности.

По разгледување на доставената пријава ДКСК констатира дека предметните наводи и пријавените дејствија не се во надлежност на нејзино постапување, а меѓу другото во тек се постапки пред други надлежни органи.

Врз основа на наведеното, ДКСК оцени дека нема елементи за надлежно постапување и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Адем Чучуљ

Изработил: П.Б., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: м-р, С.Д., член на ДКСК

Доставено до:
Подносителот на пријавата

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk